КУЛТУРНО-ПРОСВЕТНА ЗАЕДНИЦА НА ГРАД СКОПЈЕ




# АЛЕКСАНДАР ЗАТКОСКИ

## „’РКУЛЦИ НА ДЕМОКРАТИЈАТА“

***ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ***

**СЕПТЕМВРИ, 1992, МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ**



АЛЕКСАНДАР ЗАТКОВСКИ

Роден 1939 г. во с. Кривогаштани (прилепско). Завршил гимназија во Прилеп 1958, Студирал математика и физика во Скопје. Се занимава со уметничка фотографија. Од 1957 година учествува на повеќе клубови, меѓуклубски, републички, сојузни и меѓународни изложби на уметничка фотографија. Добитник е на повеќе награди и признанија. Со новинарска фотографија почнува да објавува во Студентски збор и од 1960 год. каде што и се вработува. Потоа работи во ЖТП – Скопје во „Железничар“ од 1972 до 1976 од 1976 г. и е вработен во НИП „Нова Македонија“ – Редакција „Вечер“, каде што и денес работи.

Адреса: ул. „Александар Македонски“ бр. 10б, населба „Ѓорче Петров“ II Скопје, тел. 315-984.

*Постојат цела низа различни одговори на прашањето дали фотографијата и припаѓа на галаксија на уметностите или не, и тука во таа различност се крие вистинската моќ на фотографијата која е исходиште на сите визуелни медиуми, но во исто време таа може да биде и нивен почеток, бидејќи се почнува со погледот. Фотографијата е резултат на потребата да се открадне светлината од денот, да се „замрзне“ моментот од настанот, непристрасно.*

*Зар може некој да го направи тоа подобро од една машина без душа, со стаклено око, и која место срце има часовен механизам што како секој часовник ни го бележи времето што минува.*

*Во сето ова да не го заборавиме и човекот, човекот – фотограф кој ги напојува фотографиите со своите размисли и чувства.*





*Најдоследен од зачувувањето на чистотата на правичните идеи за фотографијата е новинскиот фотограф – репортер. Ослободен од потребата да им се додворува на другите уметности, ослободен од потребата да се бори за место во галериите, ослободен од потребата да се бори за публика и мислење на критиката, новинскиот фотограф, односно новинската фотографија создава сопствен јазик и естетика, го освојува најголемиот изложбен простор – новинските страници и ја има најдобрата публика и најригорозната критика – читателите.*

*Ќе се запрашате зошто, всушност, не зборувам за фотографиите на Александар Затковски, зошто не зборувам за нивниот израз, естетика се она за што се пишува на ова место во слични поводи. Едноставно, го почитувам ставот на секој новински фотограф дека добрата новинска фотографија е историја сама за себе.*

*Овие фотографии што се снимени така да се изразам вчера, денес се тема на размислување а веќе утре тие се историја, дел од едно време кое силовито навлезе на нашите простори, судбоносно менувајќи ги тековите на нашите живеења.*

*Ние сме учесници на овие настани, а фотографиите ќе останат наши сведоци.*

*АЛЕКСАНДАР КОНДЕВ*




## КАТАЛОГ НА ФОТОГРАФИИ

1. '90 год. на аголот 35мм/Илфорд
2. А сега каде? 35мм/Илфорд
3. Анте, Македонија може! 35мм/Илфорд
4. 8 Август '90 г. 70мм/Илфорд
5. Од каде овој овде! 35мм/орво
6. Вратете ни ги синовите! 35мм/КБ
7. Тука сме 70мм/Илфорд
8. СЕ за историјата 35мм/КБ
9. За ветувањето времето кажува 35мм/КБ
10. Јудин бакнеж 35мм/Илфорд
11. Кажи ја вистината 35мм/Илфорд
12. А бре човеци… кб/200мм
13. Циле и Љупче 80мм/КБ
14. Какви човеци бе Столе? 80мм/КБ
15. Тежок пратенички живот 200мм/КБ
16. Оставиме да зборувам 80мм/КБ
17. Лепче, дискусија, пак лепче 70мм/КБ
18. Независен… 200мм/КБ
19. Средба по 45 години 70мм/КБ
20. Оро за уставот 35мм/КБ
21. Не ви важи договорот 70мм/КБ
22. А бе Мите… 200мм/КБ
23. Зошто не нè сакате? 200мм/КБ
24. Што потоа… 45мм/КБ
25. Македонско распетие 200мм/КБ
26. Македонче 35мм/КБ
27. Демократија I 200мм/Илфорд
28. Демократија II 200мм/Илфорд
29. Босанска демократија 70мм/Илфорд
30. Европска демократија 70мм/Илфорд

*Сите фотографии се во формат 28,5×35,5см во паспарту 50×50 см.*

ИЗДАВАЧ: КУЛТУРНО – ПРОСВЕТНА ЗАЕДНИЦА НА СКОПЈЕ
ЗА ИЗДАВАЧОТ: МИРКО СТЕФАНОСКИ
ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИЗЛОЖБАТА: КОНДЕВ АЛЕКСАНДАР

Печати: НИП „Нова Македонија" – Скопје